Иницијативниот одбор за конституирање на Локалното собрание на млади на Општина Демир Хисар врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“ бр.10/2020 и член 82 од Статутот на Општина Демир Хисар), распишува:

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ ЗА МЛАДИ

Иницијативниот одбор за формирање **Локален младински совет при Општина Демир Хисар** распишува **Јавен повик** за членство во Локалното собрание за млади. Повикот е отворен за сите младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои ќе ги исполнат следните критериуми:

- Да имаат активности на територијата на Општина Демир Хисар;
- Да се основани и активни најмалку една година пред отворањето на овој повик;
- Делегатот/ката и заменик делегатот/ката да се жители на Општина Демир Хисар и да се на возраст од 15 до 29 години.

**Потребни документи:**

1. Портфолио за работа на организацијата.
2. Мотивациско писмо за учество во Локалното собрание на млади, но не повеќе од една страница.
3. Годишен извештај за работата од претходната година со кој се потврдува дека организацијата била активна изминатата година со активности спроведени за или од млади во Општина Демир Хисар.
4. Номинација на делегат/ка и заменик делегат/ка со контакт-детали за претставниците.

**Пријавување:**

Сите заинтересирани организации кои ги исполнуваат критериумите потребно е да ги достават следните документи на мејл: opstinademirhisar@yahoo.com, односно до овластеното лице за контакт, Александар Пејковски, pejkovski@icloud.com и, истите, да ги поднесат во печатена верзија во архивата на Општина Демир Хисар, со адреса: ул. „Битолска бр. 8“, со ознака **„Апликација за членство во Собранието на Советот за млади“.**

Рок за пријавување трае 10 (десет) работни дена од денот на објавување, во период од 6.3.2023 – 17.3.2023 година.

Доставените и уредно испратени апликации ќе бидат разгледувани од страна на Иницијативниот одбор за формирање **Локално собрание на млади**, а сè со цел избор на **Локалниот младински совет при Општина Демир Хисар.**

За повеќе информации околу повикот може да се обратите до лицето за контакт во Општина Демир Хисар, Александар Пејковски.

Контакт тел: 078 801 008

Мејл: pejkovski@icloud.com

Службен мејл: opstinademirhisar@yahoo.com

**Иницијативен одбор за конституирање на Локално собрание на младиі на Општина Демир Хисар**

Михаил Стевковски ____________________

Фросина Трпчевска ____________________

Милко Тренчевски ____________________

Христијан Тасески ____________________

Цвете Христовска ____________________